# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА
ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ
ОД ШУТО ОРИЗАРИ

ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО:

## ВИЗИЈА

Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари е секоја девојка и жена Ромка да ги оствари своите социјални, економски и здравствени права на еднаква основа со сите други.

## МИСИЈА

Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари е да биде водечка женска ромска организација која ќе ги застапува, едуцира и омоќува девојките и жените Ромки. Ова ние го оствaруваме со тоа што нудиме поддршка, информации, социјални услуги и правна помош на девојките и жените Ромки.

## ЦЕЛ

Целта на Иницијативата за правата на жените на Шуто Оризари – Скопје е да секоја млада девојка и жена Ромка ги остварува слободно и еднакво своите социјални, економски и здравствени права, на еднаква основа со другите жени, без дискриминација. Здружението ја остварува целта преку застапување, омоќнување и едуцирање млади девојки и жени Ромки за да ги оствавараt социјални, економски и здравствени права, без дискриминација, а истовремено преку обезбедување и нудење информации, социјални услуги и правна помош кон остварување на нејзините права.

**ДЕЈНОСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА:**

1. Здравствени и сексуални права
2. Социјални и семејни права
3. Вработување
4. Семејно и родово базирано насилство
5. Застапување
6. Нови партнерства и донации

## 1. ЗДРАВСТВЕНИ И СЕКСУАЛНИ ПРАВА

### 1.1. Проект **„УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРАВА НА ДЕВОЈКИТЕ, ЖЕНИТЕ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ“** - поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата CIVIKA MOBILITAS, а партнерски го спроведуваат ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - Заедно посилни и Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари.

- **Цел на проект**

Здравствената заштита на ранливи популации во Република Северна Македонија е унапредена врз основа на интезивна соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор во идентификувањето на потребите, планирањето на мерките, како и во испорачувањето услуги.

- **Реализирани активности**

По добиените наоди од спроведен прашалник за опфат на жените со Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во РСМ за 2023 година, оддржани се три граѓански форуми со заедницата во Скопје, Куманово и Штип. Фокусот на граѓанските форуми беше Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчинањата во Република Северна Македонија за 2023 година.

Врз основа на добиените препораки преку граѓанските форуми, беше финализирана „Економска анализата на Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравстевена заштита на родилките и доенчињата“. Дополнително, беше спроведен и креативен активизам со наслов „ИЗГРЕБИ ЗА ЗДРАВЈЕ“. Целта на истиот беше да се разгледаат и предложат решенија за проблемите со кои се соочуваат жените Ромки во Република Северна Македонија, со посебен фокус на подобрување на нивната социјална и економска состојба и обезбедување на еднакви можности за нив во општеството.





**Буџет за 2024 година**: **994.422,00 мкд**

1.2. Проект **„ШКОЛО ЗА БРЕМЕНИ ЖЕНИ ОД ШУТО ОРИЗАРИ“** - субгрантот е дел од Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите имплементиран од Институтот за истражување и Анализа на политики – РОМАЛИТИКО, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

- **Цел на проектот**

  Унапредување на репродуктивното здравјето кај бремените жени (Ромки) и едукација на жените за породување.

- **Реализирани активности**

  Спроведена е едукација со вкупно 5 групи, составени од 4 модули за школо за трудници. Едукациите беа спроведени од страна на надворешно лице – експерка, која е специјалицирана акушерка за породување. Доделени се 30 сертификати за поминати модули на бремените жени.

  Изготвена е брошура „ВОДИЧ ЗА БРЕМЕНИ ЖЕНИ“ која е поделена на терен за бремените жени и жени во репродуктивен период.

  Преку работна средба со Министерот за здравство дадовме предлог да се креира пилот мерка, со која преку националната Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца би се вовела Школа за трудници во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ – Скопје.



**Буџет за 2024 година: 368.267,00 мкд**

## 2.СОЦИЈАЛНИ И СЕМЕЈНИ ПРАВА

2. Проект **„ЖЕНСКИ ПРАВА И ПРАВДА“ -** поддржан од Global Fund For Women.

- **Цел на проектот**
  Унапредување и еднаков пристап до социјални права и заштита.

- **Реализирани активности**

Преку теренски едукации на годишно ниво посетени се вкупно 565 семејства/клиенти, при што се забележани вкупно 63 случаи во кои се прекршени одредени загарантирани права.

**Детален приказ ⇩**

| | **Вкупно** | **Жени** | **Мажи** |
|---|---|---|---|
| **Клиенти** | **565** | **336** | **229** |
| **Случаи** | **63** | **51** | **12** |
| **Групи на права** | ⇩ | ⇩ | ⇩ |
| **Социјални и семејни права** | 36 | 29 | 7 |
| **Сексуални и репродуктивни права** | 13 | 13 | / |
| **Здравствени права** | 13 | 8 | 5 |
| **Дискриминација** | 1 | 1 | / |
| **Составување на претставка** | 3 | 3 | |
| **Пополнување на разни формулари** | 77 | 60 | 17 |
| **Информирање** | 425 | 225 | 200 |
| **Придружба** | 11 | 9 | 2 |

**Буџет за 2024 година: 564.000,00 мкд**



**3.ВРАБОТУВАЊЕ**

3. Проект „**СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ЖЕНИ РОМКИ ROMANSE“** - поддржан од ЕУ за граѓанското општество и медиумските организации во Република Северна Македонија. Овој проект се спроведува во партнерство со Симплексис – Грција (Symplexis - Greece), DIESIS NETWORK – Брисел и Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари – Скопје. Носител на проектот е Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи Ромски ресурсен центар.

- **Цел на проектот**

Придонес за зголемување на социјалното претприемништво, самовработување или отварање на работни места кај младите Ромки во локална заедница. Зголемени (про)ромски и младински граѓански организации за иницирање или зајакнување на иницијативи за социјално претприемништво кај младите Ромки.

- **Реализирани активности**

Реализирани две фокус групи со жени и девојки Ромки од заедницата со цел да се идентификуваат проблемите при вработувањето на жените Ромки, нивното разбирање на концептот на социјално претприемништво, како и модели за нивно активирање на пазарот на трудот во Република Северна Македонија. Дизајнирани и испечатени се промотивни материјали: банер, постер, флаер, power point презентација, на ромски, македноски и англиски јазик. Креиран е веб сајт ROMANSE, како и фејсбук страна и инстаграм.




**Буџет за 2024 година: 733.422,00 мкд**

## 4. СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

**4.1.** Проект **„НУДЕЊЕ НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО – БАЗИРАНО НАСИЛСТВО“ -** поддржан од УНФПА – Македонија и Британска Амбасада и Министерство за труд и Социјална политика. Во рамки на овој проект е отворен Центар за помош и поддршка на жени жртви на родово базирано и семејно насилство „Има помош – ISI ARKA!“.

- **Опис на проектот**

Во септември 2023 година во општината Шуто Оризари е отворен Центар за помош и поддршка на жени жртви на родово-базирано и семејно насилство „Има помош – ISI ARKA“, кој делува на локално ниво.

Ова е прв и единствен центар што ги нуди услугите за жените жртви на родово-базирано и семејно насилство на ромски и на македонски јазик, што во одредени ситуации е предуслов за тие да се охрабрат за да се обратат во Центарот „ИСИ АРКА“.

- **Реализирани активности**

Центарот „ИСИ АРКА“ нуди психо-социјална, правна помош и поддршка на жени жртви на семејно и родово-базирано насилство. Преку центарот за само една година се советуваа и добија бесплатна психо-социјална поддршка вкупно 90 клиенти, од кои 69 се жртви. Од вкупната бројка на клиенти за минатата година, 5 се сместени во национален шелтер центар. Евалуацијата на задоволство на клиентите, покажува дека најмногу им е од важност разговорот кој го спроведуваат со давателите на услуги. Психо- социјалните и правни услуги кои се нудат во центарот ИСИ АРКА се анонимни, бесплатни и доверливи. Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари преку Центарот за помош и поддршка на жени жртви на семејно насилство, има потпишано 10 меморандуми за соработка со: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Општина Шуто Оризари, Ј.О.У. Детска градинка 8ми Април и невладини организации.

Во рамки на 16 дена активизам против родово-базирано насилство, реализиран е настан со изложба на 10 студии на случаеви, каде беа присутни клучни чинители од институциите и

бизнис заедницата. Изложбата траеше три дена во Diamond Moll, за да можат минувачите да ги видат случаевите со кои се соочуваат жртвите.  Специјализираните услуги за помош и поддршка се фокусираат на специфичните индивидуални потреби на секоја жена која преживеала некаква форма на насилство. Давателите на услуги преку своите знаења и вештини даваат приоритет на искуствата на жените кои преживеале насилство, со цел превенирање од повторно враќање во насилната средина.

Дополнителнмо, реализирани се и 5 едукативни работилни за препознавање и пријавување на насилството, со различни профили на говорници. Преку работилниците опфатени се вкупно 50 жени и девојчиња од заедницата.



**Буџет за 2024 година: 3.533.098,00 мкд**

**4.2.** Проектот **„ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКИОТ ГЛАС**“ - спроведуван од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, со финансиска поддршка од Kvinna till Kvinna Foundation.

- **Цел на проектот**

Подобрување услугите за поддршка на семејно и родово базирано насилство подигање на свеста и да изгради капацитет за справување со семејното и родово базирано насилство во Општина Шуто Оризари.

- **Реализирани активности**

Оддржани се две фокус групи за емоционална поддршка, безбедно планирање и зајакнување на жртвите, со жени Ромки од заедницата. Спровен е еден состанок со граѓанските организации кои се даватели на услуги за семејно и родово базирано насилство. Преку ангажирање на психолошка поддршка, реализирани се 14 сесии со жени и девојчиња кои се жртви на семејно и родово базирано насилство, за унапредување на нивното емоционално и ментално здравје.

Во рамки на проектот изготвена е „Анализа за соодветна заштита, помош и поддршка на жртвите на родово – базирано и семејно насилство во општина Шуто Оризари“.



**Буџет за 2024 година: 510.038,00 мкд**

## 5. ЗАСТАПУВАЊЕ

➲ Интервју на извршаната директорка Салија Беќир Халим на тема примарна здравстена заштита, достапна на: https://www.facebook.com/romanews1/videos/3219718585004417

➲ По повод Меѓународниот ден за економска, политичка и општествена борба за рамноправност на жените на 8ми март, бевме дел од колектвината акција – марш кој се маршираше под слоганот #ЦРВЕНАЛИНИЈА. Повеќе информации достапни на: https://www.facebook.com/photo/?fbid=835050711982440&set=pcb.835050811982430

➲ По повод 8 Март - Меѓународен ден на жената, учествуваме на работен состанок со претставникот на Обединетото Кралство во Северна Македонија, Н.Е. Метју Лосон. Повеќе информации достапни на: https://www.facebook.com/photo/?fbid=836256931861818&set=a.562370715917109

➲ Гостување на емисијата „BIJANDIPE" од страна на проектната асистентка Азиза Сали, достапно на: https://www.facebook.com/zenisutoorizari/videos/222729350928364

➲ Учество на донаторски кружок, организиран од Здружение КОНЕКТ. Повеќе информации на: https://www.facebook.com/photo/?fbid=849049343918823&set=pcb.849049447252146

➲ Гостување на извршаната директорка Салија Беќир Халим во утринска програма „Здраво Македонијо", достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=v9dbNHRD7tA

➲ Спроведена Изложба „Заедно кон безбедни и сигурни чекори за исправени потпетици". Целта на изложбата е подигање на свеста за семејното насилство преку прикажување на 10 вистинки студии на случеви на семејно и родово базирано насилство. Повеќе информации достапни на: https://www.facebook.com/photo/?fbid=1014142690739907&set=pcb.1014143220739854



**ПАРТНЕРСТВА**

Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари оствари партнерства со пристапување на членство во **Национален Младински Совет – Македонија НМСМ,** преку што продолжуваме со активно залагање за активација на младите Роми.

**ДОНАЦИИ**

Во рамки на настанот „Донаторски кружок", Здружението Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари доби донација од Здружението КОНЕКТ. Висината на донацијата е во износ од **305.009,00 денари.**

**ТИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ**

Салија Беќир Халим – Извршна директорка

Азиза Сали – Програмска координаторка

Сенада Јашар – Финансиски координатор

Ивана Костовска – Социјална работничка и менаџерка на центарот „ИСИ АРКА“

Давид Тасевски – Психолог

Алма Мустафовска – Правничка

Севдија Салим – Комуникациска асистентка